# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

# ООУ „Братство" - Скопје

| | |
|---|---|
| **Период:** | **2022 – 2024 година** |
| **Вид на училиштето:** | **Основно општинско училиште** |
| **Основач на училиштето:** | **Општина Карпош** |
| **Наставен јазик:** | **македонски и албански јазик** |
| **Директор на училиштето:** | **Јадранка Поповски** |
| **Претседател на Училишниот одбор:** | **Мухамед Рушити** |
| **Адреса на училиштето:** | **ул. „Московска" бр.18** |
| **Тел/факс:** | **02/3077-889** |
| **e-mail** | **ou_bratstvo@yahoo.com** |

# Извештај од самоевалуацијата на училиштето

## Идентификациони податоци за училиштето

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на училиштето | ООУ „Братство“ | | | |
| Локација на училиштето | ул. „Московска“ бр.18 | | | |
| Контакт информации | Телефон | Факс | E-mail | |
| | 02/3077-889 | 02/3077-889 | ou_bratstvo@yahoo.com | |
| Директор на училиштето | Јадранка Поповски | | | |
| Степен на училиштето | Основно | | | |
| Број на ученици во учебната 2022/2023 година | 702 | | | |
| Број на вработени | Наставници | Стручни соработници | Административен и технички кадар | Вкупно |
| | 69 | 4 | 8 | 81 |
| Специфичности на организацијата (Подрачни објекти, посебни програми кои се спроведуваат и сл.) | Подрачно училиште во Горно Нерези со една комбинирана паралелка од прво до петто одделение (еден наставник и вкупно 7 ученици од прво, второ, трето и четврто одделение) | | | |

Стратегија и визија :

**Училиште во кое се прашува и анализира, се мисли и се создава, каде се реализираат индивидуалните и колективните способности на сите субјекти.**

## Тим за самоевалуација

| Име и презиме | Функција во училиштето |
|---|---|
| Марина Хаџипанзова | Педагог |
| Себахат Сулејмани | Психолог |
| Тина Дишлиевска | наставник по одделенска настава |
| Афердита Сали | наставник по одделенска настава |
| Дрита Зеќири | Родител |

## Координатор на тимот за самоевалуација

| Име и презиме | Марина Хаџипанзова |
|---|---|
| Функција во училиштето | Педагог |
| Телефон | 078/441-746 |
| E-mail адреса | marinahadzipanzova@yahoo.com |

## РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Врз основа на член 129, став 1,2,3 и 4, од Законот за основно образование ("Сл. весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20), Комисијата за спроведување на Самоевалуација во ООУ „Братство“ - Скопје, за периодот 2022 / 2024 година, врши Самоевалуација за работата и постигањата во ООУ „Братство“- Скопје.

Во текот на работата, тимот имаше средби и разговори со одговорните од тимовите за секое поединечно подрачје за самоевалуација како и со сите вработени во училиштето. Изврши проверка на потребната документација и од неа користеше повеќе податоци. Спроведе анкета со учениците, наставниците, директорот и родителите. Сите добиени податоци ги анализираше и врз нивна основа го донесе следниот извештај.

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, од Интегрална евалуација на училиштето и Правилник за СЕУ, Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.

**Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите областина работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките, но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно - образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.**

# АНАЛИЗА НА ПОДРАЧЈАТА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

**Подрачја за самоевалуација**

**1. Организација и реализација на наставата на учењето**
**2. Постигнување на учениците**
**3.Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар**
**4. Управување и раководење**
**5. Комуникации и односи со јавност**
**6. Училишна клима и култура**
**7. Соработка со родителите и со локалната средина**

| **Подрачје I. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО:** | |
|---|---|
| **Индикатори:**<br><br>1.1. **Реализација на наставни планови програми**<br>1.2. **Квалитет на наставните планови и програми**<br>1.3. **Вонаставни активности**<br>3.1. **Планирање на наставниците**<br>3.2. **Наставен процес**<br>3.3. **Искуства на учениците од учењето**<br>3.4. **Задоволување на потребите на учениците**<br>3.5. **Оценување како дел од наставата** | |
| **Индикатор:** | |
| **1.1.**<br>**Реализација на наставни планови програми** | ***1.1.1.*** **Применувани наставни планови и програми**<br>• Во училиштето наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем, во двојазична настава (македонски и албански наставен јазик). Наставата се реализира според наставна програма за учебната 2022/2023 година<br>***1.1.2.*** **Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br>• Учениците и родителите се информираат за реализација на наставните планови и програми преку родителски средби, преку директен пристап до е - дневникот.<br>***1.1.3.*** **Прилагодување на наставните програми на деца со ИОП**<br>• Наставните планови и програми за децата со ИОП се делумно прилагодени заради недоволно стручно усовршување на наставниот |

| | |
|---|---|
| | кадар за истите ученици<br>***1.1.4.* Избор на изборни предмети**<br>• Училиштето ги нуди сите изборни предмети според наставниот план. Изборните предмети се избираат со писмено изјаснување, односно со анкета за секој ученик и неговиот родител. Секој изборен предмет влегува во наставата откако ќе се формира наставна група.<br>***1.1.5.* Реализација на проширени програми**<br>• Во училиштето се реализира и проширена програма според Концепцијата за основно воспитание и образование. Проширената програма во училиштето се реализира со организирано прифаќање и згрижување на учениците од одделенска настава еден час пред започнување на редовната настава и еден час по завршување на наставата согласно со родителите. Наставниците од одделенска настава имаат организирано дежурство за секој ден од седмицата, односно прифаќање на деца од 07:00 часот (прва смена) со дежурство до 17:00 часот (втора смена). За време на продолжениот престој учениците учат, ги работат домашните и други училишни обврски, согласно годишната програма за работа во училиштето. |
| **1.2**<br>**Квалитет на наставните планови и програми** | **1.2.1. Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала**<br>• Во училиштето успешно се реализира и спроведува Проектот - Меѓуетничка интеграција во образованието со активности на ниво на училиште и со партнер училиштето „Вера Циривири Трена“; Нансен Дијалог Центар<br>• Родовата и етничката рамноправност и мултикултурната сензитивност во наставните програми е застапена преку реализирање на содржини од образование за животни вештини, класична култура на европската цивилизација, запознавање на религиите, вештини за живеење, етика, граѓанско образование, како и програмите по историја за сите одделенија и општество за 4 и 5 одд.<br>**1.2.2. Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и помагала**<br>• Наставните програми се интегрираат со карактеристиките и потребите на |

| | |
|---|---|
| | локалната средина преку наставни и воннаставни активности.<br><br>**1.2.3. Интегрирање на општите цели на образованието**<br>• Во училиштето има инегративен пристап во одделенска настава бидејки самите наставници предаваат повеќе предмети, додека во предметна настава инегративниот пристап кон содржините е помалку опфатен бидејќи наставниците предаваат еден предмет.<br>• Во училиштето постојат примери за интегрирање на особеностите на локалната средина во помал број наставни програми.<br>• Училиштето е отворено за промени и подобрување на учењето преку иновирање за сите предмети од одделенска и предметна настава во однос на стандардите во оценувањето и водење на електронска документација. Од страна на БРО и МОН, се организирани семинари за едукација на наставниците. На наставниците им се дава голема подршка за подготовка и осовременување на наставните програми преку посета на разни семинари и обуки и тоа од областа на природните науки, математика, обука за Нансен модел – инегрирано образование, Формативно оценување за програмите, Јазична писменост, Работа со компјутери и програмирање. Наставните планови и програми по сите наставни предмети се достапни за родителите, наставниците и учениците. Наставните планови и програми им се достапни и на учениците и може да добијат однапред за секој месец информација кои наставни содржини ќе се обработуваат при тоа и самите ученици да дадат некои сугестии доколку утврдат дека ги има. Со анализа на годишните тематски планирања на наставата како во одделенска така и во предметна настава се увидува дека наставниците прават одредени отстапки при реализирањето на некои наставни содржини од Наставните планови и програми. Како причина се јавува немање на кабинети по одредени предметите, недостаток на материјално – техничка опременост во училиштето за потребите на современата настава, застареност на стручната литература во училишната библиотека, а примената на ИКТ во наставата делумно се реализира поради нефункционалност на |

| | |
|---|---|
| | компјутерите.<br><br>**1.2.4. Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми**<br>• Наставните планови и програми по сите наставни предмети се достапни за родителите, наставниците и учениците. Во соработка со педагогот на училиштето, преку разни обуки во кои се вклучени родителите, преку Советот на родители на родителските средби се дава можност и се информираат родителите за наставните планови и програми кое ќе се реализираат во учебната година. Наставните планови и програми им се достапни и на учениците и може да добијат однапред за секој месец информација кои наставни содржини ќе се обработуваат при тоа и самите ученици да дадат некои сугестии доколку утврдат дека има. |
| **1.3**<br>**Воннаставни активности** | **1.3.1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**<br>• Училиштето во целост ги реализира воннаставните активности со цел да се задоволат интересите и потребите на учениците. Воннаставните активности обилуваат со разновидност од типот на спортски, еколошки активности, ликовни и музички манифестации, учество на натпревари.<br>**1.3.2. Опфатеност на учениците со воннаставните активности**<br>• Најголем број од учениците се вклучени во вонаставните активности без разлика на нивниот пол, етничка припадност и социјално потекло. Во реализирање на воннаставните активности се вклучуваат и родителите при што од анкетните листови на анкетираните родители констатирано е дека самите родители преку мотивирање и соработка на учениците и наставниците влијаат врз поголема мотивираност на учениците и нивно вклучување во воннаставниот процес, а со тоа и подобрување на имиџот на училиштето.<br><br>**1.3.3. Вклученост на учениците во изборот на воннаставните активности**<br><br>• Учениците делумно се вклучуваат во подготвувањата на програмите за |

| | |
|---|---|
| | воннаставните активности, а наставниците имаат улога на координатори и организатори на овие активности.<br>• Во воннаставните активности се вклучени ученици со ПОП<br><br>**1.3.4.** Афирмирање на учениците и училиштето преку воннаставните активности?<br>• Учениците од училиштето земаат учество во натпревари организирани од страна на локално ниво каде освојуваа многу награди. Активно учество во воннаставнавните активности учениците земаа и по предметите математика (освоени прва, втора и трета награда на Општински, регионален и државен натпревар по математика), Меѓународен ликовен и литературни конкурси, како и училишен тим со ментори - наставници кои учествуваа на квизот. Природни науки прво, второ и трето место на Општински , регионален и државен натпревар .Државен натпревар по биологија ( прво место). Регионален натпревар по географија (прво место). Општински и регионален натпревар по англиски јазик .За постигнатите резултати секогаш се пофалени и со разни признанија, пофалници и наградни екскурзии од страна на училиштето во соработка со локалната самоуправа.<br><br>- Учениците ја одбележаа Детската недела со мотото:,,Другарството е дел од детската среќа,,каде се истакнуваат одредбите од Конвенцијата за правата на децата;<br><br>- Посета на саем на книгата во Спортски центар,,Борис Трајковски";<br><br>- Посета на концерт"Класичен трио" во Даут Пашин Амам;<br><br>- Посета на куќата на Кочо Рацин во Велес ;<br><br>- Посета на Археолошки музеј на РСМ; |

| | |
|---|---|
| | - Активност по граѓанско образование:Мојот идентитет-Кој сум јас;<br><br>- Отгворен ден за граѓанско образование<br><br>- Посета на Собрание на РС Македонија;<br><br>- Посета на Француски институт-Запознавање со активностите на институтот и виртуелна прошетка на културно-историските објекти на Париз;<br><br>- Учество на ликовен конкурс: Штедењето и иновациите Изум кој ќе го направи Светот подобро место за живеење)изработка на макети);<br><br>- Учество на натпревар – интернет конкурс,,Обој и победи,,;Учество на ликовен и литературен конкурс по повод Светскиот ден на штедењето на тема:,,За денарот твориме,за денарот славиме";<br><br>- Садење садници во училишен двор во соработка со родител;<br><br>- Следење на кино претстава по повод Денови на медиумската писменост;<br><br>- Посета на Саем на Креативни Индустрии;<br><br>- Посета на кино претстава-,,Црн Адам";<br><br>- Учество на пан-европски настан-Денови на млада публика 2022;<br><br>- Претставување на училиштето со музичка игра и учество на Цветното дефиле;<br><br>- Учество во Мобилен Парламентарен Караван –Собрание на граѓани;<br><br>- Учество на ликовна изложба на тема:Творење и креирање дела од отпад;<br><br>- Пишување есеј на теми:Култура и Мултикултура; |

| | |
|---|---|
| | - Учество на Меѓународна ликовна изложба за деца и младинци -,,Флора и фауна-Извор на живот и убавина”;<br>- Посета на Архив на РСМ;<br>- Следење на фудбалски натпревар под мотото,,Кога станува збор за детските права ,сите сме еден тим”;<br>- Учество на Интернационален натпревар по математика и информатика со онлај платформа;<br>- Посета на Холокаустот на Евреите на Македонија;<br>- Учество на Ученичка квизотека;<br>- Посета на Ботаничка градина;<br>- Учество на Училишен натпрева во шах;<br>- Учество на Државен натпревар во шах;<br>- Учество во работилница –Учиме да читаме без дискриминација;<br>- Учество на ликовен конкурс на тема:Народна носија;<br>- Учество на едукатвно предавање –презантација во рамките на проектот”Зголемување на свеста за внатрешно загадување на воздухот во основните училишта во РСМ”. |
| | Афирмирање на учениците за ангажирање во воннаставните активности се истакнува на веб сраната и фејсбук страната на училиштето, училишниот билтен, веб страната на општината и оштинскиот билтен. |

| | |
|---|---|
| **3.2.**<br>**Наставен процес** | **3.2.1. Користење на наставни форми и методи**<br>За реализација на наставата, наставниците имаат испланирано применување и користење на современи методи, техники и форми на работа во своите тематски и дневни планирања со цел да ги постигнат предвидените цели на наставата.<br>**3.2.2. Избор на задачи, активности и ресурси**<br>Изборот на задачи, активности и ресурси се предвидуваат според потребите на предметот кој го предаваат, програмата, интересот и можностите на учениците и училиштето. Задачите и активностите наставниците ги планираат во училиште или дома, а повеќето наставници користат различни извори и приоди на учење, како што се истражувања, информации од интернет и користење на ИКТ.<br>**3.2.3. Интеракција помеѓу наставниците и учениците**<br>Во наставата најчесто се применува интеракцијата со учениците со цел да се подобри учењето, практичната настава и да се поттикне самооценувањето и поттикнување на попријатна работна клима при учење во училница.<br>**3.2.4. Приод на наставникот кон учениците**<br>Наставниците ја почитуваат личноста на учениците и не се забележува стреотипен приод на наставникот кон ученикот. Училиштето има интерен начин за следење на наставниот процес и истиот редовно се применува.<br>**3.2.5. Следење на наставниот процес**<br>Секој наставник се посетува на час во текот на учебната година од страна на директорот и педагогот. Посетата на часовите се следи со евидентен лист за активностите на ученикот и наставникот и се изготвуваат извештаи за посетените часови и консултативен разговор со истите. Исто така менторите на наставници -приправници го следат наставниот процес на приправникот и за следењето изготвуваат извештаи. Во наставниот процес се следи и оценувањето на учениците,а за оние ученици кои покажуваат успеси, наставниците даваат јавни пофалби на учениците пред паралелките и на Наставнички совет. |
| | |

| | |
|---|---|
| **3.4.<br>Задоволување на потребите на учениците** | **3.4.1. Идентификување на образовните потреби на учениците**<br>• Наставниот кадар и стручната служба  ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на секој ученик. Тие користат разновидни техники за откривање и воочување на образовните потреби на секој ученик.<br>**3.4.2. Почитување на различните потреби на учениците**<br>• Образовните потреби на учениците се задоволуваат и преку слободен избор на изборни предмети.<br>• За своите образовни потреби, учениците разговараат со одделенскиот раководител на одделенските часови, наставниците разговараат на одделенскиот совет, на наставничките совети, на совет на родители, а претставниците на училишните  заедници со стручен соработник – педагог/психолог. |
| **3.5.<br>Оценување како дел од наставата** | **3.5.1. Училишна политика на оценувањето**<br>• Во училиштето редовните и изборните наставни предмети се оценуваат описно и бројчано. Поведението на учениците се оценува како примерно, добро и незадоволително. Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за  оценување на родителски средби.<br>**3.5.2. Методи и форми на оценување**<br>• Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето преку дијагностичко, формативно и сумативно оценување. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување.<br>**3.5.3. Користење на информации од оценувањето**<br>• Оценувањето е делумно  транспарентно и  не  е  секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на одредени  наставници и учениците. Во текот на учебната 2021/2022 година известувањето за оценувањето на учениците беше изведено преку електронски дневник и емејл на родителите. |
| **ЈАКИ СТРАНИ**<br>*** Училиштето успешно го спроведува проектот за МИО  со активности во редовната настава и вонннаставните активности на ниво на училиште и активности со партнер училиштето „Вера Циривири** | |

| |
|---|
| **Трена“ и НДЦ;**<br>*** Училиштето обезбедува еднаквост за сите ученици;**<br>*** Вклученост на учениците за спроведување на активности во училиштето;**<br>*** Учениците имаат можност да го кажат своето мислење и да учествуваат во давање предлози за подобрување на наставниот процес;**<br>*** Наставниот кадар и стручната служба систематски ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на секој ученик;**<br>*** Вклученост на учениците и родителите за спроведување на активности во училиште.** |
| **СЛАБИ СТРАНИ**<br>* **Наставниците делумно ги интегрираат наставните содржини;**<br>***Оценувањето е делумно транспарентно и не е секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на одредени наставници;** |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br>• Поуспешно да се интегрираат наставните содржини во предметна настава;<br>• Добиените информации од оценувањето наставниците да го користат за да го евалуираат, да биде транспарентно со цел да се подобри планирањето и спороведувањето на наставата. |

| Подрачје II :Постигања на учениците |
| --- |
| **Индикатори**<br><br>2.1 Постигања на учениците<br><br>2.2 Задржување / осипување на учениците<br><br>2.3 Повторување на учениците<br><br>2.4 Известување на родителите за напредокот со учениците<br><br>2.5 Следење на напредокот на учениците<br><br>2.6 Промовирање на постигањата на учениците |

| **Индикатори за квалитет** | | **Извори на Податоци** |
|---|---|---|
| | Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците и тие анализи стојат во Годишниот извештај, како и во прилог на анализата. Од бројот на ученици по паралелки и национален состав, за учебната година 2020/21, 2021/22 се гледа дека бројот на ученици од албанска националност е поголем и нивниот успех се разликува од успехот на учениците од македонска националност. Во мал процент можеме да истакнеме дека успехот на учениците на крајот на учебната 2021/22 година е зголемен во однос на успехот од мината учебна 2020/21 година. | - Е-Дневниците од сите паралелки<br>- Извештаи од Одделенски и Наставнички совети<br>- Извештаи за  успех на учениците<br>- Извештаи за реализирани часови за доплнителна и додатна настава<br>-Анкетен прашалник за учениците и нставниците |

| | | |
|---|---|---|
| **2.1 Постигања на учениците** | За подобрување на постигањата на учениците во училиштето се одржува дополнителна и додатна настава за сите ученици од втородеветто одделение.<br><br>Секој наставник изработува годишни планови за дополнителна и додатна настава. Во своите секојдневни подготовки го планира часот и реалзиира задачи, со кои ги надминува пропустите на учениците но и збогатување на знаењата на одредени ученици. За таа цел на видно место е истакнат распоред за редовно одржување на додатната и дополнителната настава по сите наставни предмети. Од увидот на училишните дневници констатирано е дека дополнителната настава се одржува со учениците кои се соочуваат со повремени тешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на содржините и другите задачи од еден или повеќе наставни предмети, додека додатната настава сите наставници ја реализираат според планот и програмата во соработка со родителите на учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат натпросечни резултати и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделени наставни предмети. | |

| | | |
|---|---|---|
| | Спроведена е анкета за вклученост на учениците во воннаставните активности, анкетите се спроведени онлине со пратна информација на емаил. Анкетирани се вкупно 25 ученици од кои 80% учествуваат во некои од училишните секции, додека 20% не учествуваат во ниедна.<br><br>Од анкетата за дополнителната настава од вкупно 25 анкетирани ученици 65 % одговориле дека посетуваат дополнителна настава, а 35 % одговориле дека не посетуваат бидејќи немат потреба и знаат доволно.<br><br>Од анкетата за додатната настава настава од вкупно 25 анкетирани ученици 65 % одговориле дека посетуваат додатна настава, а 35% одговориле дека не посетуваат бидејќи немат потреба и знаат доволно.<br><br>Анкетирани се 25 наставници од кои 100% одговориле дека држат дополнителна настава и нивен заклучок е дека кај учениците кои ја посетуваат истата настава резултатите се подобрени.<br><br>Анкетирани се 25 наставници од кои 95 % одговориле дека држат додатна настава, а 5 | |

| | | |
|---|---|---|
| | % не држат.<br><br>60 % од наставниците одговориле дека самите ученици бараат часови од додатна настава. Тоа се учениците кои постигнуваат посебни резултати во текот на учебната година. 40 % од наставниците одговориле дека учениците не побарале часови по дадатна настава.<br><br>Исто така, анкетирани се 24 наставници за тоа дали постои притисок за оценките, 50 % одговориле дека имаат притисоци, додека 50% немаат притисоци. Притисоците најчесто се правени од страна на родители, пријатели, колеги итн. | |
| **Индикатори за квалитет** | | **Извори на податоци** |
| | Училиштето има систем за идентификација на учениците со потешкотии во учењето, евидентни листови, разговори со учениците и родителите. За секој ученик настаниците изработуваат индивидулани годишни планови, на секој ученик му се овозможува да напредува со сопствено темпо. Со нив се | - Е-Дневниците од сите паралелки<br>- Извештаи од Одделенски и Наставнички совети<br>- Извештаи за успех на учениците<br>- Извештаи за реализирани часови за доплнителна и додатна настава<br>-Анкетен прашалник за учениците и нставниците |

| | | |
|---|---|---|
| | запознаваат и родителите. Со нив се работи со диференцирани задачи на ниво соодветно на нивните можности и по потреба за постигнување на подобри резултати се оджува дополнителна настава. За секој се формира портфолио од неговите изработки и континуирано се следи нивниот развој.<br><br>При запишувањето на учениците во прво одделение се идентификуваат и децата со посебни потреби кои притоа треба да се приложуват и мислење од Заводот за ментално здравје.<br><br>Во зависнот од афинитети и интереси на надарени ученици, самите ученици избираат активности со кои посебно се развиваат. Тие ученици учествуваат по натпревари. Наставниците на учениците во редовната настава избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби допринесуваат за нивниот напредок.<br><br>Постигањата на учениците од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование се внесуваат во евидетните листови, а се следат и анализираат во полугодишните и годишните извештаи, изработени од страна на класните раководители анализирани и внесени во извештаите на училиштето. Наставниците за | |

| | | |
|---|---|---|
| | секој ученик формира портфолио со нивните изработки (досие) со кои го следи нивниот напредок. | |
| **Индикатори за квалитет** | **Констатирана состојба** | **Извори на податоци** |
| **2.1 Постигањата на учениците** | Според извештаите се гледа дека успехот на крајот на оваа учебна година е зголемен за околу 1**%** во однос на успехот на 2020/21 година.<br><br>Училиштето има повратна информација за тоа каде нашите ученици го продолжиле средното образование, но нема информација за нивните понатамошни постигања. Поради заштита на податоците од средните училишта не може да се добијат податоци. | - Е-Дневниците од сите паралелки<br>- Извештаи од Одделенски и Наставнички совети<br>- Извештаи за  успех на учениците<br>- Извештаи за реализирани часови за доплнителна и додатна настава<br>-Анкетен прашалник за учениците и нставниците |
| **Индикатор на квалитет** | **Констатирана состојба** | **Извори на податоци** |
| **2.2 Задржување/ осипување на учениците** | Нашето училиште ги опфаќа во голем процент учениците од нашиот реон.<br><br>Список за учениците кои треба да се запишат во нашето училиште се добиваат од МВР. При запишувањето во прво одделение, училиштето доставува соопштение и информации до сите градинки и други објекти од локалната средина. За учениците од | - Е-Дневниците од сите паралелки<br>- Извештаи од Одделенски и Наставнички совети<br>- Извештаи за  успех на учениците<br>- Извештаи за реализирани часови за доплнителна и додатна настава<br>-Анкетен прашалник за учениците и нставниците |

| | | |
|---|---|---|
| | нашиот реон кои не се запишале во нашето училиште имаме информација од родителите дека го запишале своето дете во други училишта заради промена на живеалиште.<br><br>Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуствата од наставата (оправдано /неоправдано) и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста. Се соработува со родителите, за увид во причините за изостанувањето и зголемување на редовноста. Според законот, учениците кои направиле 10 неоправдани или над 100 оправдани изостаноци се повикуваат на советување кај психологот на училиштето и учениците и родителите.<br><br>Бројот на оправдани и неоправдани изостаноци на крајот на учебната 2020/21 година е помал во однос на изостаноците направени на крајот на учебната 2021/22 година.<br><br>Во нашето училиште нема појава на осипување на ученици. При премин на учениците од едно во друго училиште, одд.раководител пополнува преведница-формулар кој ги содржи податоците за ученикот и неговиот успех, дури и доставува и | |

| | | |
|---|---|---|
| | евидентен лист за ученикот. | |
| **Индикатор на квалитет** | | **Извори на податоци** |
| **2.3 Повторување на учениците** | Во училиштето постојат пропишани процедури за идентификување и анализирање на причините за повторување на учебната година. Во учебните години 2020/21 и 2021/22 нема ученици што не ја завршиле учебната година. | - Е-Дневниците од сите паралелки<br>- Извештаи од Одделенски и Наставнички совети<br>- Извештаи за  успех на учениците<br>- Извештаи за реализирани часови за доплнителна и додатна настава<br>-Анкетен прашалник за учениците и нставниците |
| **Индикатор на квалитет** | | **Извори на податоци** |
| **2.4 Известување на родителите за напредокот со учениците** | Известувањто на родителите за напредокот на учениците во училиштето се врши според утврден систем на активности. На овој начин родителите имат можност за добивање усна и писмена повратна информација за успехот и поведениeто.<br><br>Во текот на целата учебна година одд.раководители за напредокот на учениците ги известуваат родителите преку родителските средби, отворени денови со | - Дневниците од сите паралелки<br>- Извештаи од Совети на наставници Наставнички совети<br>- Евидентни листови<br>- Ученички свидителства |

| | | |
|---|---|---|
| | родителите и индивидуални средби кои одржуваат по потреба од различни причини. На сите средби родителите се запознаени со успехот и поведенито на учениците во текот на учебната година. На крајот на првото и третото тримесечје и на крајот на првото полугодие родителите се запознаени со напредокот на нивните деца со евиденти листови, а во текот на учебната година со индивидулано информирање за напредокот на учениците од страна на оддленските и предметните наставници.<br><br>Во текот на учебната 2020/21 и 2021/22 година постигнувањата на учениците се евидентират во електронскиот дневник. Во учебната 2020/21 и 2021/22 година родителите се информираа на закажени родителските средби за успехот и поведението на учениците. Родителите се инфомирани дека имаат право на жалба и имаат право на приговор доколку не се задоволни од успехот постигнат по некој наставен предмет. | |
| **Индикатор на квалитет** | | **Извори на податоци** |

| | | |
|---|---|---|
| **2.5 Следење на напредокот на учениците** | Известувањото на родителите за напредокот на учениците во училиштето се врши според утврден систем на активности. На овој начин родителите имат можност за добивање усна и писмена повратна информација за успехот и поведението.<br><br>Во текот на целата учебна година одд.раководители за напредокот на учениците ги известуваат родителите преку родителските средби, отворени денови со родителите и индивидуални средби кои одржуваат по потреба од различни причини. На сите средби родителите се запознаени со успехот и поведенито на учениците во текот на учебната година. На крајот на првото и третото тримесечје и на крајот на првото полугодие родителите се запознаени со напредокот на нивните деца со евиденти листови, а во текот на учебната година со индивидулано информирање за напредокот на учениците од страна на оддленските и предметните наставници.<br><br>Во текот на учебната 2020/21 и 2021/22 година постигнувањата на учениците се евидентират во електронскиот дневник. Во учебната 2020/21 и 2021/22 година родителите се информираа на закажени родителските средби за успехот и поведението на | - Дневниците од сите паралелки<br>- Извештаи од Совети на наставници Наставнички совети<br>- Евидентни листови<br>- Ученички свидетелства, ученичко портфолио |

| | | |
|---|---|---|
| | учениците. Родителите се инфомирани дека имаат право на жалба и имаат право на приговор доколку не се задоволни од успехот постигнат по некој наставен предмет. | |
| **Индикатор на квалитет** | | **Извори на податоци** |
| **2.6. Промовирање на постигањата на учениците** | Идентификацијата на надарените ученици се врши од страна на психологот/педагогот на училиштето, преку извршени анализи (тестирање) на учениците. Учениците, во соработка со родителите, се упатуваат на додатни часови по одредени наставни предмети, а се со цел за проширување на нивните знења, способости и вештини. Училиштето надарените учениците ги промовира на тој начин што наставниците дават свои мислења и препораки, до општина Карпош, за користење на стипендии, како и мислења до други институции.<br><br>На крајот од школувањето во училиштето на | - Евидентни листови<br>- Е-дневник<br>- Годишен извештај за работата на училиштето<br>- Извештаи за наградени ученици |

| | | |
|---|---|---|
| | отворен конкурс може да се пријават ученици кој имале континуиран одличен успех и освоиле награди во текот на школувањето и преку соодветен правилник за наградување се избира првенец на генерација кој свечено се промовира во училиштето и во општината. | |

**Јаки страни**

**-целна насоченост на наставата, негување на позитивна клима при работењто, интеграција на предметите, објектвно оценување и самооценување и дополнителна и додатна настава;**

**-избирање на ученик на генерација ;**

**-задоволнителни резултати по предмети, пол и етничка припадност на крајот од VI- IX одделение**

**Слаби страни**

**-програмата на ИОП е недоволно позната за родителите, па немаат можност соодветно да им помогнат на учениците при реализација на домашните задачи;**

**-делумно непочитување на Кодексот на однесување во училиштето од страна на учениците и наставниците;**

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

-Вклучување на родителите во активности за запознавање со програмата од ИОП

-Работилници за почитување на Кодексот на однесување во училиштето.

| Подрачје III. Професионален развој на наставниците, стручните соработници и воспитувачи и раководниот кадар | |
|---|---|
| **Индикатори:**<br><br>**3.2 Наставни средства и материјали**<br><br>**3.4Следење развојни потреби на наставниот кадар** | |
| **Индикатор:** | |
| **3.2**<br>**Наставни средства и материјали** | **3.2.1. Опременост на училиштето со стручна литература и наставни средства и помагала**<br>• Училиштето располага со разновидна стручна литература, наставни средства и помагала кои во континуитет се надградуваат и во најголем дел ги задоволуваат потребите. Наставниците на ниво на актив ги утврдуваат потребите и потоа се набавуваат преку разгледување на понуди од фирмите доставувачи на вакви материјали од страна на формирана училишна комисија за јавни набавки. Преку посета на часови и одржување на отворени часови се врши увид во ефикасната и ефективна употреба на нагледните средства во наставата.<br><br>• Подрачното училишта е опремено со лап топ и принтер и поврзано е со Интернет. |

| | |
|---|---|
| | **3.2.2. Училишна библиотека**<br>• Училишната библиотека располага со книжен фонд кој во најголем дел се лектири, стручна литература и белетристика на македонски и албански јазик. Книжниот фонд во изминатите две години постојано се обновува и со рационална употреба ги задоволува потребите на учениците. Во училишната библиотека има и литература на англиски јазик, но нивниот број е многу мал.<br><br>**3.2.3. Потрошен матерјал**<br>• Училиштето редовно креира план за јавна набавка и во согласност со него од буџетската сметка и сопствени приходи обезбедува потрошен материјал во потребната количина за континуирана реализација на наставните и вонаставните активности согласно планот и програмата. |
| **3.4.<br>Следење развојни потреби на наставниот кадар** | **3.4.1. Професионален развој на наставниците (и сите вработени)**<br>• Следејќи ги новите трендови во образовниот процес на глобално ниво, модернизација и напредок на технологијата нашето училиште поттикнува и овозможува континуиран професионален развој на наставниците и стручниот кадар. Училиштето ги идентификува потребите на наставниците врз основа на кои тимот креира план во склоп на годишната програма и стратегии за обезбедување на професионален развој и чекор со новините и предизвиците во образовно - воспитниот процес.<br>• Секој наставник изработува личен план за професионален развој и редовно го ажурира своето портфолио. Усовршувањето се реализира индивидуално и колективно на ниво на тим за Професионален развој на наставен и ненаставен кадар.<br>• Интерните обуки се реализираат од страна на вработените или акредитирани обучувачи. Како дел од годишниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во периодот 2020/22 се одржаа обуки на тема:<br>- наставниците од одделенска настава посетуваа обуки за новата Концепција за основно образование, НАНСЕН модел за интеркултурно образование, вебинари организирани од Биро за развој на |

| | |
|---|---|
| | образованието;<br>- наставниците од предметна одржаа обуки за Училишта на XXI Век и примена на Микробит во наставата и вебинари организирани од Биро за развој на образованието<br>Во текот на учебната 2022/2023 наставниците од одделенска и предметна настава, како и стручните соработници следеа обуки организирани од Биро за развој на образованието и акредитирани обучувачи од каталогот за обуки.<br>• Наставниците континуирано следат и надворешни обуки. Сите обуки се внесени во годишниот извештај за професионален развој. Вреднувањето на ефективноста се врши преку посета на часови од страна на директор и стручна служба, редовно доставување извештаи, планирање и реализирање часови со ИКТ и интегрирани проектни активности, организирање отворени часови, работата на активите.<br>• Во училиштето постојат наставници со завршено формално образование, како и наставници кои се надградуваат со друга образовна струка.<br>• Во училиштето има избран ментор наставник од МОН.<br>• Информално образование во училиштето се раеализира преку користење интертет, стручна литература, размена на искуства меѓу наставници, на стручните активи и преку отворени нагледен час. |
| **ЈАКИ СТРАНИ**<br>• **Во училиштето се води електронска библиотечна евиденција;**<br>• **Училиштето овозможува стручно усовршување на наставниците преку нивно вклучување во**<br>• **организирани семинари и обуки од релевантни институции; низ процес на интерни дисиминации,**<br>• **работилници; преку работата на стручните органи;**<br>• **Во училиштето вработен е дефектолог, кој постојано е присутен во училиштето и кој помога во работата со учениците со ПОП;**<br>• **Училиштето со опременост ги задоволува потребите за примена на активна настава и ИКТ во наставата.** | |
| **СЛАБИ СТРАНИ**<br>• **Отсуство на механизам за оддавање на признанија и наградување на кадарот кој вложува во своето усовршување, активен е во различни сфери на дејствување поврзани со образованието и внесува** | |

| |
|---|
| **новини во работата;**<br>• **Училишната библиотека не располага со доволен книжен фонд од лектири, стручна литература и белетристика.** |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето** |
| • Изработка на интерен Правилник за оддавање на признанија и наградување на кадарот кој вложува во своето усовршување, активен е во различни сфери на дејствување поврзани со образованието и внесува новини во работата.<br>**Идни активности:**<br>• Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето;<br>• Збогатување на книжниот фонд во училишната библиотека со лектирни изданија и стручна литература за наставниците;<br>• Континуирано стручно усовршување на вработените и имплеметирање на стекнатите знаења за осовременување на наставата. |

| **Подрачје IV. Раководење и управување:** | |
|---|---|
| **Индикатори:**<br><br>**7.1. Управување и раководење со училиштето** | |
| **Индикатор:** | |
| **7.1.**<br>**Управување и раководење со училиштето** | **7.1.1.Управување со училиштето**<br>• Орган на управување во ООУ „Братство“ - Скопје е Училишниот одбор кој согласно Законот за основното образование („Сл.весник на РСМ“ бр.161/2019)<br>• Училишниот одбор брои 7 члена и тоа:<br>- тројца претставници од редот на наставниците, стручните соработници и воспитувачите,<br>- тројца претставници од редот на Советот на родители<br>- еден претставник од основачот<br>• По однос на половата застапеност на членовите во Училишниот одбор: 6 претставници се од од женскиот пол, а 1 претставник од машкиот пол<br>• Етничкиот состав на членовите на Училишниот одбор е: 4 члена се од македонска националност и 3 члена се од албанска националност.<br>• Надлежностите на Училишниот одбор се утврдени во Законот за основното образование, Статутот на училиштето и Деловникот за работа на Училишниот одбор на училиштето.<br>Училишниот одбор работи согласно својата Програма за работа.<br>• Седниците на Училишниот одбор се свикувани и раководени од |

претседателот на Училишниот одбор, а во отсуство на претседателот, седниците ги свикува и раководи заменикот на претседателот на Училишниот одбор.

**7.1.2. Раководење со училиштето**

- Директорот го застапува и преставува училиштето, одговорен е за законитото работење и за материјално финансиско работење на училиштето, ја организира, планира и ја води работата на училиштето, се грижи за стручното усовршување на наставниот и стручниот кадар, ја поттикнува и ја следи тимската работа.
- Надлежностите на директорот како раководен орган утврдени се со Законот за основно образование и Статутот на училиштето.
- Директорот е од женски пол и е од македонска националност.
- За разрешување на тековните проблеми и за преземање и спроведување на активности поврзани со наставата, директорот свикува Наставнички совет, Совет на одделенски наставници и Совет на предметни наставници на кои присуствуваат наставниците, наставникот од подрачното училиште од Горно Нерези, стручните соработници и воспитувачите.
- Директорот како орган на раководење соработува со Советот на родителите и непосредно со родителите на учениците и секогаш кога има потреба или на покана на одделенските наставници и одделенските раководители присуствува на родителските состаноци.
- Директорот на училиштето ги информира учениците преку соопштенија и писмени известувања.

**7.1.3 Стручни органи во училиштето**

- Освен Училишниот одбор како орган на управување и директорот како орган на раководење во училиштето работат и стручните органи: Наставничкиот совет, Советот на одделенските наставници, Совет на предметни наставници, одделенскиот односно раководителот на паралелката, Стручен актив на одделенски наставници, стручен актив на предметни наставници, Јазично - хуманитарен стручен актив и Природно

| | |
|---|---|
| | - математички стручен актив.<br>• Надлежностите на Наставничкиот совет утврдени се со Законот за основно образование и Статутот на училиштето.<br>Наставничкиот совет го свикува и со него раководи - директорот.<br>• Советот на одделенските наставници го сочинуваат одделенските наставници и предметните наставници кои се вклучуваат во реализацијата на наставата од прво до петто одделение , педагогот и психологот.<br>• Советот на одделенските наставници го свикува и со него раководи директорот на училиштето.<br>• Советот на одделенските наставници во рамките на своите надлежности утврдени со Законот за основно образование и Статутот на училиштето подготвува програма за работа со талентирани ученици и програма за работа за ученици кои потешко напредуваат.<br>• Советот на предметни наставници го сочинуваат наставници што ја изведуваат наставата од шесто до деветто одделение, педагогот и психологот и во рамките на своите надлежности утврдени со Законот за основно образование и Статутот на училиштето подготвува програма за работа со талентирани ученици и програма за работа за ученици кои имаат потешкотии во наставата.<br>• Советот на предметни наставници го свикува и со него раководи директорот на училиштето.<br>• Одделенскиот односно раководителот на паралелката ја остварува програмата за часот на одделенската заедница, се грижи за решавање на воспитните и наставните проблеми на одделни ученици, соработува со родителите и врши други работи согласно Законот за основнио образование и Статутот на училиштето.<br>• Стручните активи ги сочинуваат наставници кои предаваат ист предмет или подрачје и ги усогласуваат критериумите за планирање на наставата и за оценување на постигањата на учениците и вршат други стручни работи определени со годишната програма за работа на училиштето. |

| | |
|---|---|
| | **7.1.4 Совет на родители**<br>• Во училиштето за организирано остварување на интересите на учениците од родителите на учениците се формира Совет на родители во кој има по еден претставник од секоја паралелка кој што го избираат родителите на родителскиот состанок на паралелката.<br>• Состаноците на Советот на родители го свикува и со него раководи претседателот на Советот на родители освен првата седница на почетокот на новата учебна година која ја свикува директорот.<br>• На состаноците се решаваат тековните работи кои произлегуваат од воспитно - образовната дејност, дисциплината, хигиената и Советот активно учествува во работата на училиштето преку своите избрани претсавници во Училишниот одбор и во Комисиите формирани од Училишниот одбор на училиштето и Комисиите формирани од директорот.<br>• Надлежностите на Советот на родители утврдени се Законот за основното образование и Статутот на Училиштето.<br>• Советот на родители работи согласно Деловникот за работа ,но нема изготвена програма Годишна програма.<br><br>**7.1.5 Стручна служба**<br>• Во училиштето има Стручна служба во која има има две одделенија:<br>- Одделение на стручни соработници во состав: педагог, психолог , библиотекар и дефектолог.<br>- Одделение на наставници воспитувачи во состав: воспитувачи, одделенски наставници и предметни наставници<br>• Стручната служба ги опфаќа работите и надлежностите кои се однесуваат на целите на основното воспитание и образование.<br>• Одделението на стручни соработници ги опфаќа работите и надлежностите во врска со запишување на учениците и следење на нивниот развој, советодавна - стручна работа на обезбедување хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците со соодветните со нивните способности, учество во организирано стручно и дидактичко - методско образование и надградување на учениците, поддршка на работата на заедницата на |

| | |
|---|---|
| | учениците, развивање на програми, постапки и инструменти за вреднување на постигањата на учениците и самовреднување на училиштето, вклучување и водење грижа за развојот на учениците со посебни образовни потреби, изготвување на неделни и месечни планови за советување на родителите и други работи согласно Законот за основното образование и општите акти на училиштето.<br>• Одделението на наставниците и воспитувачите ги опфаќа работите и надлежностите во врска со извршувањето на воспитно образовната работа, изведување наставни воннаставни активности, дополнителна и додатна настава на учениците,подготвување и водење на екскурзии и други работи согласно согласно Законот за основното образование и општите акти на училиштето. |

**ЈАКИ СТРАНИ**

- **Во креирањето на училишната Годишна програма и Развојната програма на училиштето вклучени се стручната служба ,наставниците , директорот, Училишниот одбор, учениците и Советот на родителите;**
- **Раководниот тим ја поттикнува тимската работа, ги поддржува и поттикнува вклучувањата и учествата во проекти и организира соработката во реализирањето на програмите;**
- **Училиштето овозможува стручно усовршување на наставниот кадар, стручната служба и вработените во администрација**

**СЛАБИ СТРАНИ**

- **Стручната служба и наставниот кадар немаат изготвен протокол или процедура за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство,злоупотреба и занемарување**

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Да се изготви протокол или процедура за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство,злоупотреба и занемарување

| Подрачје V. Комуникации и односи со јавноста: | |
|---|---|
| **Индикатори:**<br>**5.1 Комуникации на ниво на училиште**<br>**5.2 Комуникации на ниво на училница**<br>**5.3 Комуникации со окружувањето на училиштето** | |
| **Индикатор** | |
| **5.1**<br>**Комуникации на ниво на училиште** | **5.1.1. Комуникација директор – вработен**<br>• Комуникацијата на директорот со наставниците се реализира преку училишен тим, наставнички совет, стручни активи и индивидуални средби. Исто така, комуникацијата се одвива преку следење, анализирање, информирање, подучување, координирање, пофалување, наградување и заедничко решавање на прашањата во однос на сите подрачја.<br><br>**5.1.2. Стручен соработник – наставник**<br><br>• Училишниот педагог во текот на учебната 2020/2021 година успешно ги реализира предвидените активности, преку различни форми на работа во соработка со директорот и наставниот кадар. Комуникацијата се одвива преку давање помош и насоки за изготвување на годишните, тематските и дневните планирања од страна на педагогот, преку Наставнички совети и стручни активи. Потоа, по потреба на наставникот, за индивидуални разговори, проекти, семинари, посета на часови, како и преку заедничко работење со стручните тимови во училиштето. Целта на комуникацијата на педагогот со наставниците, родителите и педагогот е постигнување на резултати, соработка и пријателски однос.<br><br>**5.1.3. Комуникација наставник - наставник** |

- Направената анкета меѓу наставниот кадар во нашето училиште покажа дека повеќето од наставниците од одделенска и предметна настава соработуваат меѓу себе. Комуникацијата на наставниците се одвива преку размена на искуства и идеи на ниво на стручни активи, отворени часови, дисеминација по спроведени обуки на ниво на училиште и потполно се остварува соработката со наставниците од други училишта, посебно со партнер училиштето за реализирање на активностите од проектот МИО и преку тандеми наставници за НАНСЕН програмата и интеркултурно образование во вонnаставните активности со учениците.

**5.1.4. Комуникација наставник / стручен соработник со административно-технички персонал**

- Соработката помеѓу наставникот / стручниот соработник и административно - техничкиот персонал се остварува со навремени информации за законските измени кои се од интерес на вработените и достапност до информации за непречено реализирање на работните обврски. Се врши постојано сервисирање на опремата и наставните средства од страна на хаусмајстор, а се води и грижа за хигената во училиштето.

**5.1.5. Комуникација на состаноците на Наставничкиот совет, одделенските совети и стручните активи**

- Редовно се одржуваат планираните состаноци на кои се даваат предлози за подобрување и дополнување на наставните планови и програми и за подобрување на севкупното работење на училиштето.
- Состаноците на паралелката се одржуваат согласно предвидената динамика во годишната програма за работа на училиштето. Од страна на наставниците се даваат предлози за подобрување на наставниот процес, се вршат редовни анализи на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците и се даваат предлози за подобрување на постигањата на редовноста и дисциплината на учениците.

| | |
|---|---|
| | • Се даваат предлози за подобрување на планирањата на часовите, примена на нови форми и методи и техники на учење.<br>Се даваат предлози за меѓупредметна интеграција, за поголема примена на ИКТ. Стручните активи превземаат активности за подобрување на наставата и оценувањето на учениците и се превземаат активности за планирање на часови и вонаставни активности за МИО, НАНСЕН модел. |
| **5.2**<br>**Комуникација на ниво на училница** | **5.2.1 Комуникација ученик - ученик**<br>- За добрата комуникација ученик - ученик главна улога игра наставникот. Добриот наставник ги мотивира сите ученици во училницата преку разни активности (приредби, работни групи, проекти, натпревари итн.).<br>- Според претходно споменатото, комуникацијата ученик - ученик во нашето училиште е на задоволително ниво, но би можело да се поработи на поголема отвореност и толеранција во спојот на различните култури и начин на размислување, во што највеќе влијание имаат наставниците и родителите<br>**5.2.2 Комуникација наставник - ученик**<br>Клучни елементи во ефикасната педагошка комуникација се способноста и компетентноста на наставникот да ја пренесе пораката, како и способноста на ученикот да ја разбере и совлада истата.<br>- Дел од наставниот кадар се обидуваат да го постават ученикот во центарот на внимание, со што се докажува добрата комуникација со ученикот.<br>- Недоволната можност за комуникација надвор од наставата и откривањето на културно-социјалната состојба на учениците се должи на преголемата оптереtеност на наставникот со административни и други задолженија со што се ограничуваат емпатските и креативни можности на наставникот.<br>**5.2.3 Комуникација стручен соработник - ученик**<br>• Учениците потполно се информирани за дејноста што стручниот соработник |

| | |
|---|---|
| | ја извршува во училиштето. Анкетата покажа дека учениците имаат потполна слобода да побараат помош и поддршка од стручниот соработник доколку се соочат со било каков проблем. Стручниот соработник дава информации и спроведува активности при професонална ориентација, а исто така и ги информира за нивните права и обврски, како и активности кои ги планира училиштето. За подобрување на успехот, редовноста и дисциплината, стручниот соработник редовно организира советување за учениците. |
| **5.3.**<br>**Комуникација со опкружувањето на училиштето** | **5.3.1. Комуникација со родителите на учениците**<br>• Комуникацијата се одвива преку родителски средби, отворени денови, индивидуални средби и истата не е на идеално ниво, иако тоа е зависно од родителот, во голем број од случаите постои огромен притисок во однос на работата и оценувањето на наставникот од страна на родителите.Постои одредена незаинтересираност на родителите за успехот на нивните деца.За ваквата ситуација да се подобри ситуација да се подобри препорачливо е да се организираат различни обуки и семинари за родителите за соодветно однесување во рамки на училиштето<br><br>**5.3.2. Комуникација со институции од централно ниво: МОН; БРО; ДПИ**<br>• **Комуникација со МОН**<br><br>Реализирани се разни семинари и проекти со цел за подобрување на стручноста и способностите на наставниот кадар.<br><br>• **Комуникација со БРО**<br><br>Реализирани се разни семинари и проекти со цел за подобрување на стручноста и способностите на наставниот кадар<br><br>• **Комуникација со ДПИ**<br><br>Овие две години нашето училиште беше посетено од страна на ДПИ заради |

| | |
|---|---|
| | ревизија на педагошката евиденција и документација, активната настава, користење на ИКТ содржини во наставниот процес и редовното водење на е-дневникот.<br><br>**5.3.3. Комуникација со институциите од Локалната заедница - Градоначалник, Советот на Општината и јавни установи**<br>• Комуникацијата на училиштето со Градоначалникот и Советот на општината се остварува преку членовите на Училишниот одбор кој се избрани од Советот на општината, и преку секторот за образование во општината.<br>• Соработката со локалната самоуправа може да биде преку реализирање на проекти кои се значајни за подобрување на условите за работа на училиштето.<br>• Комуникацијата на училиштето со јавните установи се остварува преку проекти кои се значајни за подобрување за условите за работа на училиштето. Училиштето соработува со јавни установи во областа на здравствена и хуманитарана дејност и детските градинки во општината – „Мајски цвет“, како и домот за стари лица „Мајка Тереза“ и МВР – Скопје.<br><br>**5.3.4. Комуникација со други образовни институции во РСМ и странство**<br>• Училиштето комуницира и соработува со Филозофски факултет – Институт за педагогија, Педагошкиот факултет и Музејот на македонската борба за државност и самостојност, Детски ликовен центар , Библиотека „Браќа Миладиновци„, „Другарче“, Кинотека Македонија, МТВ, Детски културен центар Карпош, државни и приватни средни училишта, театри и кина и други инстиуции кои допринесуваат за остварување на целите и задачите на воспитно - образовната работа во училиштето. Со анкетата е оценето дека оваа соработка е на задоволително ниво.<br>• Училиштето има потпишано Меморандум за соработка и заеднички активности со ООУ „Вера Циривири Трена“ во рамките на проектот за МИО и соработка за реализација на воннаставни активности со НДЦ - Скопје – интеркултурно образование.<br><br>**5.3.5. Комуникација со граѓански здруженија и донатори** |

| | |
|---|---|
| | • Училиштето во овој период остварува комуникација со граѓански здруженија при реализација на одредени проекти. Комуникацијата со донаторите во училиштето не ги задоволува потребите поради малата бројност на истите, поради што училиштето треба да проектира добра политика во однос на оваа област.<br><br>**5.3.6. Комуникација со бизнис сектор**<br>• Комуникацијата со донаторите во училиштето не ги задоволува потребите поради малата бројност на истите, поради што училиштето треба да проектира добра политика во однос на оваа област. |

**ЈАКИ СТРАНИ**

- **Училиштето има континуирана соработка со релевантните инстиуции од областа на воспитно – образовната дејност преку посетување на семинари, обуки и проекти организирани од МОН и БРО;**
- **Училиштето комуницира и соработува со образовни, здравствени и други установи и институции кои допринесуваат за остварување на целите и задачите на воспитно - образовната работа;**
- **Училиштето има соработка и заеднички МИО активности со ООУ „Вера Циривири Трена“ и реализација на вонnаставни активности во одделенска настава од Концепцијата за интеркултурно образование – по Нансен модел.**

**СЛАБИ СТРАНИ**

- **Училиштето треба да остварува соработка со бизнис секторот, преку предавања, трибини и планирани посети.**

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Да се оствари контакт со Невладиното здружение „Организација на жени на Град Скопје“ во врска со темата „Насилството меѓу младите“;
- Да се одржи трибина во врска со темата „Насилството меѓу младите“.

<table>
<tr><td colspan="2">Подрачје VI.  Училишна клима и култура:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Индикатори:
<ul>
<li>6.1. Училишна клима и односи во училиштето</li>
<li>6.2. Промовирање на постигањата на учениците</li>
<li>6.3. Еднаквост и правичност</li>
</ul></td></tr>
<tr><td colspan="2"><ul><li>Индикатор:</li></ul></td></tr>
<tr><td>6.1.<br>Училишна клима и во училиштето</td><td>6.1.1. Углед/имиџ на училиштето
<ul>
<li>Во училиштето се забележува една општа тенденција кон заемно почитување и соработка. Вработените се стремат кон тимска работа, негувајќи го мултикултурализмот, подржувајќи ја инклузивноста и градејќи професионален став кон основната цел - едукација на младите. Училиштето ги реализира ЕКО стандардите предвидени со програмата и наставниот план.</li>
<li>Наставниот кадар е високо респектиран од страна на родителите. Учениците и родителите се грижат за угледот на училиштето. Од анкетата спроведена меѓу учениците 70% одговориле дека училиштето е место за задоволство, а 30% со не.</li>
</ul>
6.1.2. Кодекс на однесување
<ul>
<li>Училиштето има изработено Куќен ред, учениците и наставниците го почитуваат.</li>
<li>По спроведената анкета за однесувањето на учениците во училиштето, 90% од учениците одговориле дека го почитуваат училишниот инвентар. 70% испитаните ученици се изјасниле дека со другарите и со вработените се однесуваат културно. Во однос на соработката на</li>
</ul></td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | наставниците при решавање на проблемите 70% од девојчињата, а 30 % од машките се изјасниле дека ги решаваат проблемите со наставниците.<br><br>**6.1.3. Здрава училишна клима**<br>• Во училиштето постои здрава училишна клима, клима на взаемно почитување, рамноправен третман меѓу структурите во училиштето и постои професионална соработка меѓу вработените.<br><br>**6.1.4. Поведение и дисциплина во училиштето**<br>• Дисциплината на учениците и вработените е на задоволително ниво.<br>• Учениците активно учествуваат во решавање на проблеми и донесување одлуки. Што се однесува до поведението и дисциплината на часовите може да се забележи дека најмалку дисциплинаарите ученици се од VIII – IX одделение што рефлектира со послаб успех.<br>• Проблемите со дисциплината и редовноста резултираат со изрекување на педагошки мерки што може да се избегнат доколку навремено се идентификуваат и разрешуваат во континуирана соработка со родителите, вработените и стручната служба.<br>• За време на наставата и воннаставните активности има работна атмосфера, вработените водат грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на наставата и одморите.<br>• Дежурните наставници ги прифаќаат учениците еден час пред започнување на наставата и за нив се грижат еден час по завршувањето на наставата.<br><br>**6.1.5 Партиципација на учениците во решавање на проблеми и донесување на одлуки**<br>• Учениците учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки кои се однесуваат на поведението и дисциплината на часовите, за време на одморите може да се забележи дека има недисциплинирани ученици од предметната настава. Поголем број на неоправдани изостаноци се забележува кај учениците од осмо и девето одделение, а кое нешто се рефлектира како на успехот така и на поведението. Проблемите со дисциплината и редовноста резултираат со изрекување педагошки мерки |

| | |
|---|---|
| | што може да се избегне доколку навремено се идентификуваат и разрешуваат во континуирана соработка со родителите, вработените и стручната служба. Училиштето постојано комуницира со родителите на повеќе начини. Преку секојдневни разговори при носење и земање на ученикот од училиште. Усни и писмени покани за родителска средба. Телефонска и писмена покана за состанок (за работа во тимовите на проектите, за учество на хуманитарни акции и др.). Писмени покани за Совет на родители.Доставување на записници од записниците од Совет на родители преку писмена и електронска пошта. Усна и писмена покана за организирани предавања од надворешни стручни лица и други манифестации, организирани од страна на училиштето. Постојан и непосреден секојдневен контакт на родителот со наставникот и сручната служба. Писмени соопштенија за приемни денови на наставниците. Усмено соопштение за отворени работни денови на совет на родители. Усмена и писмена покана на родителите со стручната служба во однос на однесувањето и успехот на нивното дете.<br>• Учениците учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки кои се однесуваат на поведението и дисциплината на часовите, за време на одморите може да се забележи дека има недисциплинирани ученици од предметната настава. Извесен број на неоправдани изостаноци се забележува кај учениците од осмо и деветo одделение, а кое нешто се рефлектира како на успехот така и на поведението. Проблемите со дисциплината и редовноста резултираат со изрекување педагошки мерки што може да се избегне доколку навремено се идентификуваат и разрешуваат во континуирана соработка со родителите, вработените и стручната служба. Училиштето постојано комуницира со родителите на повеќе начини. Преку секојдневни разговори при носење и земање на ученикот од училиште. Усни и писмени покани за родителска средба. Телефонска и писмена покана за состанок (за работа во тимовите на проектите, за учество на хуманитарни акции и др.). Писмени покани за Совет на родители, Училишен одбор. Доставување на записници од записниците од Совет на родители преку писмена и електронска пошта. Усна и писмена покана за организирани предавања од надворешни стручни лица и други манифестации, организирани од страна на |

| | |
|---|---|
| | училиштето. Постојан и непосреден секојдневен контакт на родителот со наставникот и стручната служба. Писмени соопштенија за приемни денови на наставниците. Усмено соопштение за отворени работни денови на совет на родители. Усмена и писмена покана на родителите со стручната служба во однос на однесувањето и успехот на нивното дете. |
| **6.2.**<br>**Промовирање на постигањата на учениците** | **6.2.1. Промовирање на личните постигања на учениците.**<br>• Во училиштето има изградено вредносен систем и континуирано промовирање на личните постигања на сите ученици во рамките на училиштето и локалната средина. Во согласност со своите индивидуални искуства, знаења, умеења, способности учениците имаат можности да го изразат индивидуалниот креативен потенцијал како во наставата, така и во воннаставните активности.<br><br>**6.2.2. Промовирања на постигањата во име на училиштето**<br>• Во нашето училиште учениците учествуваа на училишни, општински, регионални и државни натпревари. Постугнувањата на учениците и наставниците се истакнуваат на ВЕБ страната и фејзбук страната на училиштето, училишниот билтен, ВЕБ страната на општината и општинскиот билтен. Учениците учествуваат на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари, конкурси и изложби. Во учебната 2021/2022 година учениците постигнаа први, втори и трети награди на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари по наставните предмети: природни науки, географија, биологија, физика и хемија. Во истата учебна година учениците освоија награди на меѓународни ликовни изложби, литературни конкурси.<br>• Во учебната 2021/2022 година учениците постигнаа први, втори и трети награди на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари по наставните предмети: природни науки, географија, биологија, физика и хемија, исто така освоија награди на меѓународни ликовни изложби и литературни конкурси.<br>• Во учебната 2021/2022 година во учениците постигнаа одлични резултати на Меѓународни ликовни изложби во соработка со Детски ликовен центар. |

| | |
|---|---|
| | • Тоа имплицира дека училиштето води постојана политика на поттикнување на наставниот кадар и на учениците да постигнуваат успеси на натпревари на локално, регионално и национално ниво.<br>• Училиштето има развиено систем за наградување на учениците кои постигнале успех и за наставниците кои помогнале тоа во сите области кои го промовирале училиштето. Кај учениците исто така се подига свеста за чиста и здрава околина. Учениците од нашето училиште во текот на целата година собираат пластика, Е - отпад и стара хартија. Со тоа ја подржуваат акцијата на Пакомак - „Собирање на пластика, и стара хартија", се продолжува акцијата со Нула Отпад и Ел колект. |
| **6.3.**<br>**Еднаквост и правичност** | **6.3.1. Познавање на правата на децата**<br>• Вработените во училиштето ги познаваат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето ги насочува и поттикнува учениците да ги знаат и остваруваат своите права , и им овозможува заштита во случај на нивно нарушување. Во училиштето има организирано совет на родители, се формираат и организираат родителски средби, идивидуални средби со родители, а во прилог се резултатите, одговорите од анкетниот лист за наставниците.Наставниците планираат, организираат, и реализираат како редовни родителски средби, така и индивидуални средби со родители, со процентуална застапеност од 100 насто и кај наставниците од албанска и кај наставниците од македонска националност. Сето ова укажува на постојана комуникација и соработка со родителите, што води кон глава цел – постојано воспитување и едуцирање на ученикот.<br><br>**6.3.2. Еднаков и правичен третман на сите ученици**<br>• Училиштето промовира еднаквост и правичност како базична вредност во сите свои пишани документи, постојано развива механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите на сите структури што се инволвирани во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Училиштето води политика на позитивно промовирање и актуелизирање на родова, етничка, култура, верска и јазична разновидност во училиштето и во зедницата. Учениците постојано се насочуваат и учат да ја почитуваат, како сопствената културна традиција, |

| | |
|---|---|
| | така и културата и традицијата на сите етнички зедници во Република Северна Македонија, без разлика на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја следат наставата,што за пример е Ученичкиот парламент.<br><br>**6.3.3. Прифаќање и промовирање на милтикултурализмот**<br>• За меѓусебното почитување и соработка говорат и голеиот број одржани воннаставни активности во одделенска настава на македонски и албански наставен јазик, каде што тандем наставниците реализираат активности со Нансен модел за интеркултурно образование. Учениците покажаа голема заинтересираност и успешност на воннаставните активности и покрај пандемијата ,активно беа вклучени во воннаставните активности и со задоволство учествуваа во активностите. Може да се заклучи дека и учениците и родителите и училиштето се во непрекината комуникација и соработка. Тие се информирани за секојдневните активности и земаат активно учество во телата и органите на училиштето. Вработените се стремат кон тимска работа, негувајќи го мултикултурализмот, подржувајќи ја инклузивноста и градејќи професионален став. |

**ЈАКИ СТРАНИ**

- **Односите меѓу вработените и наставниците се на високо ниво, и наставниците имаат крајно професионален однос кон работата;**
- **Односите помеѓу педагошко - психолошката служба е тимска и перманентна ;**
- **Во училиштето не се забележува полова и етичка дискриминација во меѓусебните односи на учениците, што се воочува од активностите на Ученичкиот парламент;**
- **Сите ученици се заштитени и згрижени, и тие што се со посебни потреби се прифатени и интегрирани во наставата и воспитно - образовниот процес;**
- **Вклученост на родителите во севкупниот воспитно - образовен процес на училиштето;**
- **Индивидуална и групна работа со учениците за подобрување на меѓусебните односи помеѓу учениците и наставниците од страна на стручната служба во соработка со класните раководители и родителите;**
- **Наставните проблеми се решаваат во училиштето меѓу самите наставници во двете етнички**

| |
|---|
| **заедници;**<br>• **Училиштето има изработено Училишен билтен и Училишен весник каде што постојано ги промовира како индивидуалните така и колективните постигања и успеси на учениците и училиштето воопшто.** |
| **СЛАБИ СТРАНИ**<br>• **Нема организирање на трибини и учество на истите, за кое дознавме од анкетните прашалници.**<br>• **Дел од учениците не го почитуваат кодексот на однесување во училиштето.** |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br>• Организирање  предавања, трибини со невладини организации и здруженија на граѓани и планирани посети за учество на учениците |

| Подрачје VII. Соработка со родителите и локалната средина: | |
|---|---|
| **Индикатори:**<br>• **7.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловна заедница**<br><br>- **7.4.1 Соработка на училиштето со родителите**<br>- **7.4.2 Соработка со локалната заедница**<br>- **7.4.3 Соработка со деловната заедница и со невладиниот сектор** | |
| **Извори на податоци:** | |
| | • Извештај за работата на училиштето (полугодишен и годишен);<br>• Анкетни прашалници за родителите;<br>• Анкетни прашалници за наставниците;<br>• Педагошка евиденција и документација (за општествено – корисна работа, за јавно културна дејност);<br>• Статут на училиштето;<br>• Извештаи за реализираните еко проекти и акции;<br>• Записници од редовни и вонредни родителските средби на ниво на паралелка;<br>• Записници од Совет на родители;<br>• Записници од состаноци и одлуки на Училишен одбор;<br>• Отворени работни денови за родители;<br>• Записници од стручни активи;<br>• Соопштенија; |

| | |
|---|---|
| | • Усна покана до родители;<br>• Писмена покана до родители;<br>• Покана по телефон, електронска пошта (и-меил);<br>• Записници за одржани хепенинзи, манифестации од страна на педагошко – психолошката служа;<br>Организирани трибини, дебати, предавања со родители и претставници на деловната заедница; |
| **Индикатори:** | |
| **7.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловна заедница** | **7.4.1 Соработка на училиштето со родителите**<br>Соработката на училиштето со родителите е јавна, транспарентна и перманентна.Училиштето континуирано превзема разни активности за да ги вклучи родителите во воспитно – образовниот процес. Родителите се поттикнуваат активно да се вклучат во работата на училиштето . На почетокот на учебната година родителите се запознаваат со работата на училиштето. Тие се информираат за тоа каде може да ја добијат потребната помош во врска со потребите и проблемите на кои наидуваат нивните деца во училиштето, преку одделенските наставници (раководители), предметните наставници и стручната служба.За време на учебната година училиштето планира и организира најмалку четири родителски средби, но во зависност од потребите се свикуваат и дополнителни средби за решавање на актуелните проблеми. Родителите на овие средби се информираат за реализација на наставниот план и програма, за успехот на учениците, нивното поведение и за разни активности кои се превземаат во училиштето. Тие исто така се информираат и преку Е- |

| | |
|---|---|
| | дневник, е – маил, телефон, официјалната веб страна на училиштето и училишниот профил на социјалните мрежи.<br><br><br>Согласно со законот за основно образование во училиштето има формирано органи преку кои исто така се вклучени родителите, старатели на ученици од ова училиште – Училишен одбор во кој членуваат тројца претставници на родители и Совет на родители кој го сочинуваат родители на ученици од секоја паралелка, претходно избрани на редовните родителски средби. Преку овие органи се афирмира, подобрува и збогатува севкупното функционирање на воспитно – образовниот процес во училиштето<br>**7.4.2 Соработка со локалната заедница**<br>Училишната соработка со организации и институции на локалната заедница најчесто ја изведува преку:<br>- Континуирана соработка со Детски диспанзер Карпош, за редовни систематски прегледи и имунизација на учениците<br>- Континуирана соработка со Поликлиника – Ѓорче Петров, за стоматолошки прегледи и едукативни предавања<br>- Соработка со други училишта преку разни состаноци на стручни соработници и активот на директори<br>- Учество на учениците на општински ,регионални и државни натпревари<br>- Заеднички настапи на манифестации кои се во организација на Општина Карпош<br>- Посети на културни установи (музеи,театри, кина ...)<br>Преку заеднички активности на училиштето со :<br>- Детската организација;<br>- Општински Црвен крст |

| | |
|---|---|
| | - Општина Карпош;<br>- Детски културен центар;<br>- Детски ликовен центар<br>- Центар за француски јазик<br>- Кинотека на Македонија<br>- Парламентарен институт на РСМ<br>- Холокаустот на Евреите на Македонија<br><br>**7.4.3 Соработка со деловната заедница и со невладиниот сектор**<br>- Училишната соработката  со деловната заедница и граѓанските здруженија се сведува на реализирање проекти  со невладини здруженија, ЕКО-ЛОГИК, ПАКОМАК, Еуро-Екопак,Е-отпад, НДЦ Скопје, НГО-Доминиум, Здружение на граѓани –Свет на различни и еднакви, 4Selekt,<br>Always- Агенција Греј Ворлдвајд ЛТД Скопје |

| **Анализи и резултати од анкетните прашалници за родители и наставници** | |
|---|---|
| **Јаки страни** | • **На родителските средби постои отворена и меѓусебна соработка родител – наставник, при што се наоѓаат соодветни начини за решавање на проблемите во паралелката**<br>• **Училиштето има добра соработка со локалната заедница преку проекти, едукативни предавања и различни активности со учениците за различни воспитно – образовни цели**<br>• **Училиштето ги зема во предвид мислењата и сугестиите на родителите**<br>• **Постои добар однос и соработка наставник-родител-ученик**<br>• **Родителите редовно се информираат за постигнатиот успех и напредок на учениците**<br>• **Состаноците меѓу родителите и наставниците се корисни и продуктивни**<br>• **Соработката меѓу наставниците ,родителите и педагошко – психолошката служба е на високо ниво** |
| **Слаби страни** | • **Родителите се делумно вклучени во планираните вonнаставни активности на училиштето .**<br>• **Поголема соработка со невладините организации и здруженија** |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br>• Поуспешно вклучување на родителите на родителите во планираните вонаставни активност на училиштето<br>• Поуспешна соработка со невладините организации и здруженија | |